**ДО**
**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**

**ТУЖИТЕЛ: Политичка партија ЛЕВИЦА,** со седиште на бул.,,Јане Сандански" бр. 113 А/4, со ЕМБС: 7108192 и ЕДБ: 4044016512070, застапувана од Претседателот проф.д-р Димитар Апасиев од Скопје, со е-маил: contact@levica.mk, ***преку полномошник* Адвокат Тамара Велковска Скопје,** од Скопје, со седиште на бул. ,,Јане Сандански" бр.113 кат 2 канцеларија 39, Аеродром, 1000 Скопје, со ЕДБ-5032023505905 и ЕМБС-7697082, со бр. на лиценца 4533, со жиро сметка бр.300000005035791, депонент Комерцијална банка АД Скопје, тел: 078/458-187; email: advokatvelkovska@gmail.com и електронско сандаче со корисничко име: advokatvelkovska

**ТУЖЕН: ГОЦЕ МИХАЈЛОВСКИ од Скопје,** вработен како главен и одговорен уредник на КАНАЛ 5 ДООЕЛ, со седиште на ул. Скупи бр. 5, Скопје – Карпош (адреса на работодавачот)

**ОСНОВ: Необјавување на исправка на објавена информација (необјавување на демант)**

**ВРЕДНОСТ: 40.000,00 денари**

# Т У Ж Б А

-од тужителот, преку полномошник
-во 2 примероци, со ____ прилози

На ден 17.10.2024 година, на дневните вести на Канал 5 ТВ во 15:00 часот, на централните вести на Канал 5 ТВ во 18:00 часот, на веб порталот на Канал 5 ТВ, на Јутјуб каналот на Канал 5, како и на Фејсбук профилот на Канал 5, бил објавен прилог со наслов: ,,*Во Кривичниот суд почна судењето во кое Апасиев го тужи Канал 5?".* Овој новинарски ТВ прилог е со траење од речиси седум минути и е изработен од репортерот Дејан Трајковски.

**Доказ: -**Принт скрин фотографија од веб порталот на Канал 5 ТВ, со спорниот прилог;
-Принт скрин фотоградија од Јутјуб каналот на Канал 5 ТВ, со спорниот прилог;
-Принт скрин фотографија од Фејсбук профилот на Канал 5 ТВ со спорниот прилог;
-ЦД со спорниот прилог (кое ќе биде доставено во текот на постапката);
-Тековна состојба за Канал 5 ТВ.

Во горенаведениот прилог се објавени неточни факти и информации со кои се повредуваат правата и интересите на тужителот, поради што од страна на тужителот на ден 05.11.2024 година до тужениот како главен и одговорен уредник на КАНАЛ 5 ТВ е поднесено барање за објавување исправка на објавена информација со кое тужителот бара исправка на погрешните информации и изнесува факти со кои ги побива и надополнува наводите изнесени во објавената информација.

**Доказ:** **-**Барање за објавување исправка на објавена информација од ден 05.11.2024 година, со потврда за прием на пратка испратено до тужениот.

Горенаведеното барање е примено од страна на тужениот како главен и одговорен уредник на Канал 5 на ден 13.11.2024 година.

**Доказ:** **-**Повратница како доказ за прием на барањето за објавување исправка на пресуда од страна на тужениот на ден 13.11.2024 година.

Барањето за објавување исправка на објавена информација е испратено и до КАНАЛ 5 ТВ по e-mail на ден 13.11.2024 година, на којшто мејл од страна на управителот на Канал 5 ТВ - Иван Мирчевски е одговорено дека барањето за објавување исправка на објавена информација нема да биде објавено.

**Доказ:** **-**Мејл комуникација помеѓу странките од ден 13.11.2024 година.

Тужениот е главен и одговорен уредник на Канал 5 ТВ.

**Доказ:** -Неспорно, а по потреба распит на тужениот во својство на странка.

Согласно **член 16 став 4 и 5 од Уставот на Република Македонија (1991)**: *,,(4) Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. (5) Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање.”*

Согласно **член 17 став 1, 2 и 3 од Законот за медиуми**: *,, (1) Секој има право од издавач на медиум, односно од* ***одговорен уредник на издавач на медиум*** *да бара, без надоместок,* ***да објави исправка на објавена информација*** *во која се наведуваат неточните факти објавени во информацијата, а со кои биле повредени неговите права или интереси. Право на исправка имаат и правните лица и други организации и тела, доколку со информацијата биле повредени нивните права или интереси.*

*(2) Барањето за објавување на исправка се поднесува* ***до одговорниот уредник на издавачот на медиум во писмена форма во рок од 30 дена од денот на објавувањето*** *на информацијата на која се однесува исправката. Барањето мора да биде образложено и*

*потпишано од страна на подносителот на исправката и да ги содржи сите потребни податоци за подносителот на исправката, како и неговата адреса.*

*(3)* ***Во исправката на објавена информација покрај исправка на погрешните тврдења или неточните наводи во објавената информација, може да се изнесуваат факти и околности со кои подносителот на исправката ги побива или битно ги дополнува наводите во објавената информација****."*

Согласно **член 18 став 1 од Законот за медиуми**: ,, (1) *Исправката се објавува,* ***без измени и дополнувања, на исто или соодветно место во содржината на медиумот и на ист или соодветен начин на оној на кој била објавена информацијата****. Исправката не смее да биде несразмерно подолга од информацијата, односно од делот на информацијата на која се однесува. Исправката може да се објави во изменета форма само доколку на тоа се согласи подносителот на барањето на исправката. Исправката мора да биде објавена на начин што од самиот наслов може да се види дека се работи за исправка. Исправка без согласност на подносителот на барањето на исправката не смее да се објавува меѓу реакции или писма на читателите, односно гледачите или слушателите."*

Согласно **член 19 став 1 од Законот за медиуми**: *,,Исправката* ***мора да биде објавена во рок од два дена од доставувањето на барањето*** *во првиот нареден број, ако се работи за периодични изданија или во друг медиум, ако се работи за не периодична публикација. Во време на изборен процес исправката мора да биде објавена во првото следно издание, односно првата следна програма од ист вид веднаш по примањето на исправката."*

Согласно **член 23 став 1 од Законот за медиуми:** ,, *(1)* ***Ако одговорниот уредник на издавач на медиум не ја објави исправката на начин*** *и во роковите определени со членот 19 од овој закон, заинтересираното лице* ***има право да покрене тужба против одговорниот уредник пред надлежниот суд во рок од 30 дена од истекот на рокот за објавување на исправката****, односно од денот кога исправката не била објавена или била објавена на начин кој не е во согласност со овој закон."*

Согласно **член 26 од Законот за медиуми**: *(1) Физичко или правно лице има право да поднесе барање до издавач на медиум, односно до одговорен уредник на издавачот на медиумот, без надоместок, да објави негов одговор на објавена информација, доколку физичкото или правното лице има поврзаност со наведените факти објавени во информацијата или доколку има легитимен интерес.*

*(2) Одговорот од ставот (1) на овој член содржи текст или порака од иста природа и со иста должина, како и објавената информација. Со одговорот суштински се негираат или*

*битно се надополнуваат спорните наводи за фактите и податоците во објавената информација.”*

Поради горенаведеното, тужителот ја поднесува оваа тужба пред надлежниот суд и бара од судот по изведување на доказите да ја донесе следната:

**П Р Е С У Д А**

Тужбеното барање на тужителот Политичка партија ЛЕВИЦА, со седиште на бул.,,Јане Сандански” бр. 113 А/4, со ЕМБС: 7108192 и ЕДБ: 4044016512070, застапувана од Претседателот проф.д-р Димитар Апасиев од Скопје, СЕ УСВОЈУВА.

СЕ УТВРДУВА повреда на правото на одговор и правото на објава на исправка во средствата на јавно информирање на тужителот Политичка партија ЛЕВИЦА, со седиште на бул.,,Јане Сандански” бр. 113 А/4, со ЕМБС: 7108192 и ЕДБ: 4044016512070, застапувана од Претседателот проф.д-р Димитар Апасиев од Скопје од страна на тужениот ГОЦЕ МИХАЈЛОВСКИ од Скопје**.**

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот ГОЦЕ МИХАЈЛОВСКИ од Скопје, како главен и одговорен уредник на Канал 5 ТВ, во рок од 15 дена од правосилноста на оваа пресуда на дневните вести на Канал 5 ТВ во 15:00 часот, на централните вести на Канал 5 ТВ во 18:00 часот, на веб порталот на Канал 5 ТВ, на Јутјуб каналот на Канал 5, како и на Фејсбук профилот на Канал 5, под ист наслов, ист начин и во ист обем, во целост, без измени и дополнувања, бесплатно да ја објави следната исправка:

,,Горенаведената вест е тенденциозна, содржи неточни наводи и погрешни тврдења и затоа сакаме да ги изнесеме следниве факти и околности со кои ги побиваме и битно ги надополнуваме злонамерно изнесените малициозни наводи од Ваша страна – и тоа во следново:

1. Во конкретниов случај за кој известувате, како тужител не се јавува физичкото лице — проф. д-р Димитар Апасиев — актуелен опозициски пратеник во Собранието на Република Македонија, туку правното лице — Политичка партија Левица со седиште во Скопје, по теговна состојба. Опука, цениме дека ваша дадениот наслов „<u>Апасиев го тужи Канал 5</u>“ не соодветствува на материјалната вистина и на фактичката состојба на случајот и има за цел дополнителна манипулација на јавноста во хајката која веке две години континуирано и бескрупулозно ја водите против нашата парламентарна Партија со вкупно шест пратеника.
2. Во изјавата на директорот на Канал 5 — г. Иван Мирчевски се наведуваат неколку лажни информации и невистинити податоци, и тоа дека „<u>тужењето е бестиіално</u>“ [!?]

и наводно дека „Апасиев бара да се сретне со мене на ручек“!? Остро ги демантираме ваквите изнесени неточни и спинувани податоци извадени од контекст! Впрочем, користењето на правото на тужба во граѓанска или кривична постапка е уставно загарантирано субјективно право на секој граганин на Р. Македонија, како и на секое засегнато правно лице кое има правен интерес во спорот. Оттука, користењето на правните инструменти in concreto не е и не може да биде окаратеризирано како„бестијално”, дотолку повеќе што не е побарана изјава од нас, ако втора засегната страна, онака како што тоа го бара етичкиот *Кодекс на новинарите на Македонија* — ЗНМ (14.11.2001) и медиумот е во перманентна лична пресметка со нас како опозициска парламентарна партија: „Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности..." [параграф §16)!

Дополнително, ноторна лага е дека Апасиев „го уценувал" и барал ручек со Мирчевски!? Имено, куртоазната и професионална покана за средба, најкултурно и деловно испорачана преку нашиот полномошник во процесот, се однесува на било кој од правниот тим или од менаументот на обвинетите, затоа што тоа е и суштината на „мирењето“ во ваквите судски спорови — спротивставените странки да пробаат вонсудски да се помират по пат на медијација, директна средба, размена на писма или на било кој друг соодветен и целисходен начин кој тие самите ке го одберат и спроведат.

3.Во изјавата на главниот и одговорен уредник на Канал 5 -г.**Гоце Михајловски** е наведен неточен факт дека ,,е поднесена кривична пријава против обвинетите”!? Вистината de iure и de facto, е дека во конкретниот кривично-правен настан станува збор за поднесена приватна кривична тужба од страна на оштетеното правно лице (Левица) – која, по сила на закон, се поднесува до суд, а не до надлежното Основно јавно обвинителство – Скопје! Оттука, не сме ние виновни што законодавецеот, преки *Кривичниот законик (1996),* за конкретното ктивично дело ,,Неовластено објавување лични записи”, казниво по чл.148 од КЗ (Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот), со запретена парична или затворска казна до една година, предвидел гонењето да се презема ex privata, а не ex officio.

Дополнително, целта на предметната кривична тужба не е никакво ,,тормозење и малтретирање на тужените”, туку едноставно-утврдување на вистината за протечените доверливи внатрепартиски инсајдерски информации, кои имаат заштитен статус на ,,деловна тајна” , а коишто биле достапни само до ограничен број лица, но и покрај тоа биле објавени без обраќање и без добивање дозвола од сопственикот/авторот на истите – иако нема никаков ,,јавен интерес” во истите, туку се работи за чисто технички внатрепартиски политички кадровски прашања.

4.Конечно, во изјавата на новинарката **Михаела Димовска** стои ноторна невистина во

која таа вели Апасиев ,,се закани јавно дека ќе горам”!? Апсолутно неточна е и оваа квази-информација и истата ја третираме како омаловажување со префрлање за наводно сторено кривично дело од страна на претседателот на Левица, затоа што тука ,,горењето” е сосем метафорички, безопасно и бенигно употребено – во смисла на поднесување на идна кривично-правна одговорност, како и плаќање на евентуалните настанати судски трошоци на постапката од свој џеб, а не како не дај Боже како ,,горење” на клада!? Оттука, немало и нема никаква намера кај законскиот застапник на тужителот за било какво ,,загрозување на сигурноста” што впрочем се докажува и со фактот што тој започнал правна постапка против неа, согласно сите позитивни законски прописи на домашното процесно право. Иако, како информативен медиум кој врши новинарска дејност, сте имале можност и дожност да извршите проверка на оваа информација пред да ја објавите, Вие повторно, по којзнае кој пат не сте го сториле тоа, па од оваа причина сметаме дека веста која што сте ја објавитле има и елементи на клевета.”

со тоа што не е дозволено истовремено кон објавената исправка да се објави коментар, воведна забелешка, одговор или друг прилог во врска со исправката.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот ГОЦЕ МИХАЈЛОВСКИ од Скопје, како главен и одговорен уредник на Канал 5 ТВ, на дневните вести на Канал 5 ТВ во 15:00 часот, на централните вести на Канал 5 ТВ во 18:00 часот, на веб порталот на Канал 5 ТВ, на Јутјуб каналот на Канал 5, како и на Фејсбук профилот на Канал 5 јавно да ја објави и изреката на оваа пресуда, во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот да му ги надомести на тужителот трошоците на постапката.

Скопје, 28.11.2024 година

За тужителот, полномошник

___________________________________

//Адвокат Тамара Велковска Скопје//

**Прилози:**

1. Полномошно;
2. Тековна состојба  за тужителот;
3. Принт скрин фотографија од веб порталот на Канал 5 ТВ, со спорниот прилог;
4. Принт скрин фотоградија од Јутјуб каналот на Канал 5 ТВ, со спорниот прилог;
5. Принт скрин фотографија од Фејсбук профилот на Канал 5 ТВ со спорниот прилог;
6. Тековна состојба за Канал 5 ТВ;
7. Барање за објавување  исправка на објавена информација од ден 05.11.2024 година, со потврда за прием на пратка испратено до тужениот;
8. Повратница како доказ за прием на барањето за објавување исправка на пресуда од страна на тужениот на ден 13.11.2024 година;
9. Мејл комуникација помеѓу странките од ден 13.11.2024 година;
10. Тековна состојба за полномошникот на тужителот;
11. Доказ за електронски сертификат за полномошникот на тужителот;
12. Доказ за платена судска такса за тужба.

**ТРОШКОВНИК:**

1. За состав на тужба по АТ во износ од 3.000,00 денари + 30% паушал или во износ од ___________________________________________ = **3.900,00 денари;**
2. За такса за тужба во износ од ________________ = **1.200,00 денари;**
3. За такса за одлука во износ од _______________ = **1.200,00 денари.**



E-mail: advokatvelkovska@gmail.com / Тел: +389 78 458 187
Жиро с-ка: 300000005035791 депонент Комерцијална банка АД Скопје
ЕДБ - 5032023505905   ЕМБС – 7697082
Бул. Јане Сандански бр.113 кат 2 канцеларија 39, Аеродром, Скопје